ГОДИШЕН ЗБОРНИК
НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СКОПЈЕ
Историско-филолошки оддел
Книга 3 (1950), № 1
ANNUAIRE
DE LA FACULTÉ DE PHILOSOPHIE DE L'UNIVERSITÉ DE SKOPJE
Section historico-philologique
Tome 3 (1950), № 1

Блаже Конески

ЕДНА ОДЛОМКА ОД XIII ВЕК — СПОМЕНИК ОД ОХРИДСКАТА ШКОЛА

Blaže Koneski

FRAGMENT D'UN ΟΚΤΟΙΗ DU XIIIe SIECLE PROVENANT DE L'ECOLE D'OHRID

Скопје — Skopje
1950

Печатница на Филозофскиот факултет — Скопје

БЛАЖЕ КОНЕСКИ

ЕДНА ОДЛОМКА ОД XIII ВЕК — СПОМЕНИК ОД ОХРИДСКАТА ШКОЛА

I.

Пред историјата на македонскиот јазик стои задачата да ги издели и изучи писмените споменици што се настанати кај нас и што одразуваат црти на нашите народни говори. Бројот на таквите споменици по Кирило-Методиевската епоха, во времето приближно од XII до XV век, не е мал. Според класификацијата на Б. Цонев[1]) со Охридската школа се сврзани 14 ракописа, со Охридско-злетовската — 30, а со Злетовската — 56, што чини заедно — 100 ракописа. А тоа е половината од оние 209 ракописа што се опфатени во класификацијата на Цонева. Притоа треба да се обрне внимание и на следното: најголемиот дел од останатите 109 ракописа (80 на број) спаѓаат во т. н. влашкобугарска книжнина и потекнуваат од XV — XVI век. Така што грото на спомениците од XII — XIV век носат обележје на македонските правописни школи: 80 наспрема 16 од трновската и 4 од т. н. етимолошка школа.[2])

Сите овие споменици кај Цонева се опфаќаат под терминот среднобугарски. Впрочем, тој термин не е ограничен само на бугарската лингвистика, а има своја употреба општо во славистиката. И така, и сите споменици од Македонија, настанати во времето од XII — XV век, бидуваат обично наречувани со тоа име — среднобугарски споменици.

Ние сметаме дека тој термин не може да остане. Добрите разлози против него се сведуваат главно на овие две точки:

1. При постоењето на две јужнословенски нации — бугарска и македонска, со два одделни литературни јазици, не може спомениците од македонското минато да се наречуваат на пр. среднобугарски, а во истото време да не се сврзува со тоа актуелна шовинистичка содржина. Сосем е ло-

---

[1]) Б. Цоневъ, Класификация на българскитѣ книжовни паметници отъ най-старо врѣме до края на XVI вѣкъ София 1905, отд. отп., с. 31.

[2]) Сп. го за ова искажувањето на Шчепкина: „Почти все известные среднеболгарские памятники до XIV века относятся по ясному свидетельству языка к юго-западному наречию, которое для краткости называю здесь и македонским“ (Болонская псалтырь, 62). И на друго место: „Припомним, что все памятники, о которых идет речь, за немногими исключениями — македонского происхождения“ (ib. 84; станува збор за спомениците од XI — XIII век.)

гично дека треба да се делат македонските споменици од бугарските.

2. Таа поделба е нужна и од строго лингвистичка гледна точка. Првиот услов да се искористат за историјата на јазикот оние елементи од тие споменици, во кои проѕира народниот јазик, е — да се знае, макар колку приближно, со која јазична средина се сврзани дадените споменици. Терминот *среднобугарски* внесува мешаница и нејасност во тој поглед.[3])

Се разбира дека сето ова не значи превидување на оние навистина тесни врски меѓу писмеността во Македонија и Бугарија, како и на заемните влијанија. Отфрлањето на терминот среднобугарски споменици, во неговата досегашна смисла, ќе придонесе баш повеќе да се внесе јасност за тие врски и тие влијанија. И така, во заклучок, оние споменици (во доста голем број) што Цонев ги зема како среднобугарски — се заправо македонски. Јас не би рекол средномакедонски, зашто не гледам некаква особена предност во создавањето на такви термини по имитација. Македонските споменици од XII—XIV век, на пример, — тоа би било јасно определение.

II.

Веќе во претходното излагање се спомена за некои правописни школи во Македонија. Цонев изделува, базирајќи се на тоа како е регулисан правописот на еровите, три такви школи: Охридска, Злетовска и Охридско-злетовска. Но повеќе тежест би требало да му се даде на оној друг признак, што и од Цонева не е заборавен иако е поставен на втор план; а тоа е: како е регулисан во спомениците правописот на буквите за носовите самогласки. Зашто, додека при еровите се работи за едно чисто графичко правило, овдека имаме нешто друго — сообразување на правописната норма спрема новиот изговор во живиот јазик. Познато е дека од XII век се извршува и се одразува во спомениците т. н. замена на носовките ѫ и ѧ. Притоа се забележува стремеж, таа промена во јазикот да се фиксира и правописно, спротивно на поранешното пишува-

[3]) Ватрослав Јагиќ ја подвлекува самобитноста на македонската писменост дури и во старословенската епоха. Зборувајќи дека Добромировото евангелие се сврзува потесно со Асемановото, Зографското и Мариинското, одошто со јужнословенскиот оригинал на Остромировото евангелие, Јагиќ го констатира следното: „Der Dualismus also, der sich im weiteren Verlauf schärfer ausprägte, fällt mit seinen ersten Anfängen zum mindesten in die erste bulgarisch - macedonische Epoche des altkirchenslavischen Schriftthums. Er dürfte durch die Benennung bulgarisch (östlich) und macedonisch (westlich) genug treffend bezeichnet sein. Die eine Gruppe (die östliche) galt als Bezugsquelle für Russland, die andere (westliche) für Serbien und Kroatien...“ (Evangelium Dobromiri, II Hälfte, Wien 1888, s. 111).

ње. Секако во тој факт имаме највиден израз за одделување од традиционалната графика и реформирање на правописот спрема изменетата состојба.

Погледнато вака, од особен интерес е за нас постоењето на таква група споменици, каква што чинат: Болоњскиот псалтир, Охридскиот апостол, Дечанскиот псалтир и Октоихот бр. 2897 од Софискиот народен музеј (Цонев, ib. 18), во кои замената ѫ > ѫ се врши и зад ч (чѫдо и сл.). Како што одбележува Цонев, овие споменици „и четиритех произлизат от Охридско: първият е писан „при цари Асѣни Българскымъ въ Охридѣ градѣ въ селѣ рекомымъ Равне", вторият и четвртият са намерени в Охрид, а третият, ако не е донесен готов от Охридско, то е насигур писан за Дечанския монастир по Охридски оригинал. А че в юсовата замена след ч се отразява в тия четири паметника именно Охридски говор, може да заключим оттам, че и днес още се говори в Охрид *чъдо* наместо *чедо* (чѫдо)". — ib., 18.[4])

Покрај среќната околност што еден од нив е датиран, тука иде уште до израз и тоа — што токму врз основа на замената на носовките во тие споменици можеме, по фактите од современиот охридски говор (ср. *чъдо*) да го установиме нивното потекло. Штом еднаш имаме такви ориентири, тогаш на посврста основа можат да се базираат и заклучувањата во однос на другите карактеристики на Охридската правописна школа, во тој ред и на употребата на еровите знаци. Добра поука ни дава во овој поглед тоа што го гледаме кај Цонев. Застанувајќи конечно на гледиштето дека најдобро би се класифицирале спомениците спрема правописот на еровите, тој е принуден четирите приведени погоре охридски споменици да ги вмести во две различни групи: Болоњскиот псалтир и Охридскиот апостол меѓу спомениците со ъ (ib. 21) а Дечанскиот псалтир и Октоихот бр. 2897 меѓу тие со ь (ib. 24).

III.

Кон цитираните охридски ракописи се придружува сега и една одломка од октоих, по сека веројатност најдоцна од почетокот на XIII век. Се однесува за три пергаментни листа, формат 29×20, употребени како подврзија за еден ракопис од српска редакција, од поново време. Овој ракопис, најден во Охрид, се чува во библиотеката на Семинарот за јужнословенски литератури на Филозофскиот факултет во Скопје, каде што е заведен под бр. 1511.

---

[4]) Кон ова место од Цонева, Куљбакин прибавува дека промената чѫ > чѫ се забележува уште во Златоустот од XIII век, издаден делум од Јагиќа, во Берлинскиот зборник и Тр одот од XIII век од Белградската библиотека, бр. 79. Кульбакинъ, Охридская рукопись Апостола, LXXX).

Третиот пергаментен лист бил истружен од лицевата страна, и после некој тука напишал текст од евангелието на Јоана (расказот за воскресението Лазарово). Освен зачуваните три, постоел во подврзијата уште еден пергаментен лист, па се познава каде е исечен.

Во оваа одломка на октоих, исто како во познатите охридски ракописи, е одразена замената ѧ > ѫ и зад ч: зачѫть (1 стр.), тръвезначѫлнаго (4 стр.). Таа иде така за уште една потврда дека постоела специјална Охридска правописна школа кон вопросното време — и во тој факт се состои првенствено нејзиното значење. Еден глаголски ред во неа, на обратната страна од првиот лист, истакнува уште една врска повеќе со спомениците како Охридскиот апостол, сведочејќи притоа и од своја страна за староста на одломката.

IV.

Пред да минеме на тоа што главно ќе нè интересира — како е одразена овде замената на носовките, ќе дадеме краток преглед на цртите во одломката.

1. Во однос на ерове букви се забележува на овие листови донекаде почеста употреба на ь. Според тоа, овој споменик би требало да го сместиме во една група посебна од познатите четири споменици — во третата група спрема Цонева (ib. 22). Но ние за тоа се изјаснивме. Во нашата одломка редовно имаме: *о* м. ъ, и *е* м. ь.

Примери:

ъ > о: ни во что же, сонь (2 стр.), взопиемь, совьскрси въ адама ѿто тлѫ (5 стр.).

ь > е: почестъ, дне (1 стр.), земень, весь, весъ дѣіанеи, ле (2 стр.), пришеша, ле, прѣшеше (3 стр.), силень (5 стр.).

Ерот се пишува во префиксот въс-: вьскрсша, вьскрсе, вьскрсивь, вьскрсению, въскрсениемь, вьскрси, въстаниемь, вьскрсе, совьскрсивъ (5 стр.); и вьпиѫ (1 стр.; ср. горе взопиемь).

Важно е исто така во однос на правописот на ерове дека тие скоро редовно не се пишуваат во слаба позиција. Исклучоците се сосем малку:

ѕгашьше (1 стр.), вьводѫи, тѫшькыѫ, постьникы (3 стр.).

Наспроти тоа на петте страници се наоѓаат далеку поголем број примери без ерови букви во слаба позиција. Иако ние имаме пред себе само мала одломка, па споредувањето во еден поголем опсег не е возможно, ни се чини сепак доволно упадлив фактот дека испуштањето на ерове е овде изразита појава што ја доближува одломката повеќе до Ох-

ридскиот апостол отколку до Болоњскиот псалтир.[5]) И во тоа ние гледаме втора битна правописна особеност на одломката, што произлегува, исто како и нормата за пишувањето на ѫ и ѧ, од стремежот да се сообрази графиката спрема живиот говор.

2. Примерите:

всѣ тварь, ѿ вышнѣго (1 стр.), всѣчскаꙗ, всѣкь, всѣкы (2 стр.), вышнѣго, зарѣми (4), ѹклонѣѫще, ни ѿгнѣ (4 стр.) — покажуваат дека и во овој споменик ѣ го заменува ꙗ зад оние консонанти што ја причинуваат и промената ѫ > ѧ. Во сите други случаи иде ꙗ: ꙗко, ꙗвисте сѧ, сиꙗѫще (1 стр.) и др.

Врската меѓу процесите ѫ > ѧ и ꙗ > ѣ е, значи, очевидна (в. Кульбакинъ, Охридская рукопись Апостола, стр. LXXXI). И во вториов случај се работи за еден фонетски процес причинет од мекоста на претходниот консонант. Фонемата *е* во имињата на селата: *Долнени*, *Ивени* е настаната токму по тој пат.[6])

3. Од формите во одломката ќе ги забележиме, кај имињата, следните што укажуваат на мешањето на падежите:

прогонѧще мрака г'рѣх`овнаго; нѣ непорочнѫ ꙗко тъі пр̃чста (1 стр.); вплѣщъшаго сѧ ѿ дѣѫ (2 стр.); ѿ адовѫ ѫзы и тлѧ; горо бжиꙗ·еѫ[7]) же видѣ древле даниль (5 стр.).

Други форми кај именките:

цр̃ство красотѣ (1 стр.); Єтльпи неѿборими хв̃ѣ цр̃кви (2 стр.); чиновн; лѫкавными дѣлы (2 стр.); грѣхми многъими (3 стр.); грѣхми (4 стр.).

Кај глаголите:

приѫхѫ[8]): приѫшѫ, аог. (1 стр.).

V.

1. Нашата одломка го дава следниот материјал за мешањето на носовките:

I. jѧ > jѫ: приѫхѫ, приѫшѫ, нетлѣннъіѫ (acc. pl.) — 1 стр. прѣстав енъіѫ (acc. pl.), стоѫще (2), славы твоѫ, мсти твоѫ

[5]) Ср. Кульбакинъ, Охридская рукопись Апостола, LXXXVII — LXXXIX; Щепкинъ, Болонская псалтырь, 89, 93—98, 116.

[6]) Поинаку за тоа се искажува П. Скок во статијата „O bugarskom jeziku u svjetlosti balkanistike", Јужнословенски филолог, XII, 1933, с. 77.

[7]) Ср. Болонская псалтырь, 216.

[8]) Ср. ib. 232.

богатыѫ (последните два збора се напишани со глаголица[9]) — 2 стр.; лютыѫ и тѧшькыѫ болѣзни, бл҃гоприжтными, прѣстожщи, всѣкыѫ стрсти — 3 стр.; житеискыѫ (gen. sg.), прѣстожще (2) — 4 стр.; еѫ, сѫщѫѫ (acc. pl.), ѿто тлѧ смртныѫ, ѫзкь — 5 стр.

шѧ > шѫ, жѧ > жѫ: просвѣтишѫ, прижшѫ — 1 стр.; рѣшѫ — 2 стр.; слежѫща — 4 стр.

чѧ > чѫ: зачѫть — 1 стр.; тръвезначѫлнаго — 4 стр.

цѧ > цѫ: вѣнцѫ (2) — 1 стр.

щѧ > щѫ: сѫщѫѫ.

Редовно се пишува нѫ, а еднаш се среќава стѫѕѫ (acc. sg.), како и во Болоњскиот псалтир.

II. За ѫ > ѧ ги имаме овие примери:

мѧ (1 sg. pr. — 6 пати); глѧще — 5 стр.; зад мекото с: вселенѫѫ всѧ — 3 стр.; вселенѫ всѧ, всѧдѹ — 4 стр.; зад мекото р: ѿчѣскѫ зарѧ — 4 стр. Примерот славъ гнѧ (1 стр.) покажува дека зад мекото н се чувало ѧ.

Правилото за замената на носовките е во нашата одломка спроведено без исклучок.

2. Непобитно е установен фактот дека таа заменабила обусловена од карактерот на претходните согласки. Притоа е важно да не се губи од предвид дека постоеле извесни дијалектни разлики во опсегот на таа појава, а исто така дека таа дури не засега некои наши говори. Затоа и не се оправдува никако во стварноста стремежот да се постават во сè под еден знаменател фактите од најразличните дијалекти на македонската и бугарската јазична територија, како што прави на пример Цонев. Тој сакаше да го објасни мешањето на носовките со нивниот некогашен „општобългарски“ изговор — ъ, ъ: „Сметам, че изговор о – е за ѫ, ѧ, ако е наистина съществувал някога в български език, той ще е бил уединен, диалектичен изговор, който накъм прабългарският изговор ъ, ъ е тъкмо той вторичен, вокализуван, както и *о* и *е* накъм ъ и ь“ (Врачанско евангелие, с. 34).

Не навлегувајќи во тоа колку е верна претпоставката на Цонева за еднаквиот изговор на носовките во однос на говорот на Врачанското евангелие, ние сакаме да ја истакнеме нејзината неодржимост само во однос на македон-

[9]) Значи, и со глаголско писмо се изразуваат новите фонетски промени. Ср. исти таков случај во Битолскиот триод од XII в. (Й. Ивановъ, Български старини, с. 463).

ските говори. Зошто, се праша, речиси сите тие покрај ъ > *о*, ь > *е* покажуваат ѫ > ъ, *а* — штом имало паралелност во развитокот на овие гласови? Зошто само во извесни од нив наоѓаме траги од мешањето на носовките, ако веќе од најстаро време нивниот изговор бил еднаков? Зошто, најпосле, од ѧ имаме *е* во сите позиции, освен зад консонантите каде што се заменувало со ѫ ?

Во македонските говори различниот изговор на двете носовки се чувал и како резултат на тоа и идат нивните различни рефлекси. За нивното мешање, покрај карактерот на претходните согласки, придонесол и нивниот носов елемент што, сосем јасно, му содејствувал на асимилаторското влијание од страна на тие согласки.

Ако претпоставиме за охридскиот говор во тој период изговор ъ за ѫ (што е секако очевидно), тогаш за ѧ најверојатно би требало да претпоставиме изговор ä. За ова можеме да се позовеме како на оние случаи во Охридскиот апостол и Болоњскиот псалтир, каде што место ѧ стои ѣ (избавлѣ|сѧ, ꙗвлѣ), така и на фактите од корчанскиот говор, каде што изговорот ä (за ѧ) се чува и до денеска под акцент. Притоа треба да го имаме предвид и натамошниот развиток на ѧ во *е* (исто како и ѣ > *е*). Процесот би врвел тогаш вака: ъ > ъ; ä > ä > *е*.

3. Во врска со ова природно се поставува прашањето: во кое време се загубила носовоста на ѫ, ѧ. Зборувајќи овдека за спомениците од Охридската школа, ние ќе се ограничиме во својот одговор само на губењето на носовоста во оној западномакедонски говор чии црти prosираат во нив, а тоа е охридскиот говор. За ова се искажуваат Шчепкин и Куљбакин. Но треба да укажеме веднаш на онаа разлика меѓу нив во однос на датирањето на Охридскиот апостол и Болоњскиот псалтир. Додека Куљбакин ги однесуваше кон крајот на XII век, Шчепкин искажа гледиште дека тие потекнуваат од времето меѓу 1230 и 1241 година. Тоа значи дека и неговото заклучување во однос на загубата на носовоста, според материјалот од Болоњскиот псалтир, се однесува до состојбата кон тоа време.

Примерите од Болоњскиот псалтир: жъдаше, нъжда, Шчепкин ги зема како знак дека: „По этой примете Болонская псалтырь должна быть поставлена во главе не-юсовых македонских памятников XIII века ...“ (Бол. пс. 145). Слично тој заклучува и во однос на губењето носовоста кај ѧ: „Случаи замены ѧ через ѣ редки, но они поддерживаются случаями ѫ|ъ ...“ (ib. 145). На стр. 157 тој вели за првата половина на XIII век: „говоры с утраченным ринезмом уже должны

были существовать; из говоров, сохранявших ринезм, во многих он должен был быть уже слабым“.

Што се однесува до Куљбакина, тој заклучува врз основа на примерите од Охридскиот апостол: възжпилъ, въспренъвъ, възъкы, дека „ѫ по своему звуковому значению равнялся ъ“ (Охр. ап., LXXIII). Тоа е кај него повторено во друга врска и на стр. LXXVIII. Објаснувајќи го тука примерот сънграждане, тој констатира дека „в других словах, очевидно, слышался просто ъ: писец не мог написать сѫграждане потому, что в его произношении ѫ, вообще говоря, звучало без носового элемента“.

И така, според Куљбакина, треба да се претпостави дека во крајот на XII век, од кога по негово мислење потекнува Охридскиот апостол, ѫ во охридскиот говор веќе било преминато во ъ.

Недоследност се јавува кај Куљбакина во однос на развитокот на ѧ. Додека тој, базирајќи се само на три примери со ъ/ѫ, двата од кои самиот ги поставува под прашање (ib. LXXVII), сепак заклучува дека ѫ > ъ, далеку повоздржан е во однос на ѧ. Во Охридскиот апостол имаме неколку примери со ѧ > є (творє, прѣходє и др.), еден со ѧ > ѣ (избавлѣсѧ). Сепак Куљбакин сега смета дека количеството на таквите факти „слишком невелико, что бы делать какие либо выводы. Можно предполагать лишь акустическую близость звуков ѧ, є и ѣ в говоре писца“ (ib. LXXVIII).

По сè искажува дека попосле Куљбакин направил во оваа смисла отстапување и во поглед на ѫ. Такво нешто може барем да се заклучи од следното место во неговата критика за студијата на R. Ekblom „Le développement des voyelles originairement nasalisées dans le moyen bulgare“ (Јужнословенски филолог, кн. III, 1922 — 1923, с. 160):

„...морамо мислити на врло рано слабљење назализације у вокалима ѫ, ѧ; то је слабљење проузроковало могућност мешања ѧ и ѣ, ѧ и є, нарочито у последњем слогу речи.

Али су ови примери ретки због тога што се ѧ разликовало од ѣ и є слабом назализацијом, међутим је било за уво слично вокалима ѣ и є, у колико је било скоро једнако у погледу на позицију језика звуком є или ѧ, али не ъ. Исто тако mutatis mutandis мора се објашњавати релативна реткост примера са ѫ = ъ или обрнуто“.

Па сега, кое е точно од двете спротивни гледишта на Куљбакина, засновани на различната интерпретација на случаите ѫ = ъ? Според нас, правилно ќе биде последното. Во негова полза говори и следниот важен факт. Регулисањето правописот на носовките, сообразно со промените на тие

гласови во живиот говор, можело да се спроведе (и имало смисла да се спроведе) само додека уште тие постоеле како одделни фонеми, чувајќи го својот носов призвук — па колку слаб да бил тој. Се знае меѓутоа дека споменици-те како Охридскиот апостол и Болоњскиот псалтир спаѓаат меѓу најстарите познати споменици со новоустановениот правопис на носовките. Ние не можеме да ја примиме претпоставката дека овие споменици се просто копие од некои постари, но загубени, во кои веќе бил установен правописот на носовките. Тогаш би сме допуштиле дека во Охридскиот апостол и Болоњскиот псалтир правилото за нивното пишување претставува просто една преживелица што по традиција се предава, не одговарајќи ѝ веќе на изменетата состојба во живиот говор. Но зар може да се прими дека регулисањето на правописот на носовките би паѓало во едно време доволно оддалечено од времето на Охридскиот апостол, та да можело меѓу тие два периода да се загуби носовоста? Се разбира дека не! Притоа се работи за споменици препишувани дури од глаголски и тоа од старословенски оригинал, како што претполага Куљбакин за Охридскиот апостол. Тогаш останува да го примиме логичниот извод дека токму времето на појавата на Охридскиот апостол, или непосредно пред тоа, е она време кога се установува правилото за пишувањето на носовките. Пишувањето нивно безразлично кај I писец во Охридскиот апостол покажува дека тоа правило не било уште усвоено ниту од сите препишувачи во кругот на Охридската школа. А од сето ова следува да заклучиме дека носовоста на ѫ и ѧ не можела да биде изгубена во охридскиот говор во крајот на XII и почетокот на XIII век. Добро е да спомнеме патем дека се работи за еден говор што непосредно граничи со оние наши југозападни говори во кои траги од некогашниот носов изговор и до денеска во голема мерка се чуваат; и тоа од своја страна може да укажува дека носовоста во охридскиот говор се загубила подоцна одошто во посевернитe македонски говори.

Врз основа на одделни примери како възжигалъ или жъдаше не може, толку повеќе што се работи за носови вокали, да се тврди ништо повеќе одошто — дека носовоста во извесни одделни случаи се загубувала. Нека се сетиме на современиот пример за состојбата на носовките во полскиот јазик, па ќе биде веднаш јасно дека обопштувањето врз такви одделни примери доведува во заблуда.

Впрочем и некои од тие одделни примери можат да се постават под прашање. Таков е случајот со пишувањето стѫѕа (м. стьѕа), на кое овде ќе се запреме со неколку збора.

Споменавме порано дека во нашата одломка се среќава вакво написание на тој збор: **стѫѕѫ** (acc. sg.), каде што **ѫ** стои место **ь**. Вака се пишува тој збор на повеќе пати и во Болоњскиот псалтир. Врз основа на пишувањето **стѫѕахъ**, **стѫгнахъ** Шчепкин тврдеше дека: „**ѫ** должно здесь выражать **ъ** *выговариваемое*“ (ib. 161). Но нам ни се чини дека постојат доволно разлози и за едно обратно тврдење, т. е. дека **ѫ** во **стѫѕа** изразува носов глас. Појавата на неорганski назализам во македонските говори е добро позната. Веќе во Добромировото евангелие среќаваме редовно **пѧтелѣ** место **пѣтелъ** (Jagić, Evangelium Dobromiri I, c. 25). Од денешните македонски говори се познати покрај *пентел* и зборовите: *лънца, мънгла*. Сите тие се настанати, сосем јасно, во едно време кога поради акустичната близост на **ѧ** и **ѣ**, **ѫ** и вторичниот **ъ**, можел да се пренесе носовиот призвук и во зборови каде што етимолошки не се оправдува. А тоа е токму времето на нашите охридски споменици.

Во случајот со **стѫѕа** забележително е што таквиот правопис се среќава во Болоњскиот псалтир кај I, II и IV писец (в. таму, с. 139 и 146), а исто така и во нашава одломка. Како да се објасни ова „грешење“ токму спрема тој збор од страна на повеќе препишувачи, кога правописната манира за заменување на **ъ** со **ѫ**, како што забележува Шчепкин, уште не била изразена (ib. 146)? Не е ли пологично да се претпостави дека имено пишувањето **стѫѕа** се базира на живиот изговор, додека примерите како **стъѕѫ**, **стъѕи** (само еднаш вака кај IV писец покрај пет случаи со **ѫ**) се должат на традициониот правопис?

Појавата на неорганski назализам во првиот слог на зборот **стьѕа** може да се објасни, покрај другото, и со регресивна асимилација од страна на крајното **ѫ** во формите како **стѫѕѫ** (gen. и acc. sg., nom. и acc. pl.). Освен тоа треба овде да се обрне внимание и на гласот **ѕ**. Карактеристично е дека единствено во зборот *јанѕа* е зачувана трага од носовоста во централните македонски говори — токму пред *ѕ*. Елементот *н* се јавува неорганski пред *ѕ* во зборот *мранѕулец* (место: *мразулец*). Воопшто, најобичното место на *ѕ* во почетокот на зборот е во групата *ѕв* (*ѕвезда* и сл.), а во средината во *нѕ* (*јанѕа* и сл.), еден факт што не бидува да се остава непредочен кога се бара објаснение за **ѫ** во **стѫѕа**.

И вториот пример кај Шчепкина **стѫгнахъ** може да се објасни со асимилација од страна на следното **н**. Тоа, се разбира, не значи дека во одделни случаи (на пр. **възѫпилъ** во Охридскиот апостол) не се работи за графичка замена на **ъ** со **ѫ**, но барем во случајот со **стѫѕа** имаме, како што видовме, доста указанија за поинаков заклучок.

И така следува да заклучиме дека во времето на нашите споменици носовоста на ѫ, ѧ во охридскиот говор уште била зачувана. Врз основа на таа состојба и се оформува постепено правописното правило, сообразено со нивното мешање. Во Охридскиот апостол имаме најочевиден доказ за тоа како се надвладува колебањето на графиката во однос на носовките, изразено кај I писец, и како се иде до извесно правило, со свесен напор установено, со кое се коригира правописот на носовките според промените во живиот говор. Охридскиот апостол е, значи, настанат во времето кога тоа правило сè уште нема добиено опшност во практичната употреба на самите охридски писци.[10]) Нашата одломка, како што видовме, ни го претставува во потполност спроведено тоа правило за пишувањето на носовките.

VI.

До интересен, и за историјата на нашиот јазик важен заклучок, нé доведува посматрањето на денешната распространетост на резултатите од замената jѧ > jѫ. Се забележува, имено, дека таа замена е одразена во опсегот на западномакедонското наречје. Во говорите што го обиколуваат него, од југ, исток и север — немаме трага од неа: така во леринскиот и костурскиот, па натаму во тиквешкиот, штипскиот, црногорскиот и др. Од тоа пак логично излегува дека во замената jѧ > jѫ ние имаме една изоглоса што веќе кон XII — XIII век ја изделува целоста на западномакедонските спрема соседните ним говори. Приближно точната периодизација на таа промена ни дава можност да приоткриеме малку нешто за односот на нашите дијалекти во вопросното време. Југозападните говори, освен што не ја познаваат замената на носовките, но се изделувааат и по тоа што во нив и до денеска има значителни траги од некогашниот носов изговор. Источните пак говори покажуваат уште една изоглоса, што може да се проследи по писмените споменици од XII и XIII век, а што ги дели од западномакедонските говори. Тоа е промената цѣ > ца́ (ср. цало, цана и др. во Македонскиот праксапостол, Archiv X, 107-132 и 417-483). Таа промена е застапена делум и во мариовскиот говор, во кој инаку се мешаат рефлексите jѧ > *е* и jѧ > jѫ > *ја*. Во истиот Македонски пракса-

[10]) Според изразот на Шчепкина, наспрема спомениците „образцовой нормировки“ стојат тие што „имеют упрощенную нормировку“ (ib. 65). При испитувањето условите за мешањето на носовките ние можеме да се опираме, се разбира, само врз фактите на оние споменици што покажуваат извесен стремеж за сообразување со живиот изговор. Ништо не можеме да добиеме за тоа од текстови како што е тој од првиот препишувач на Охридскиот апостол или Битолските листови од XII в. (ср. таму: лѧковенъ свѣтъ, сѧдище, пѧ: пѫ, в. Й. Ивановъ, Български старини, с. 449).

постол како да е одразена во извесни случаи и редукцијата на неакцентираните вокали, што од своја страна внесува уште една подробност во сумарната слика што можеме да ја имаме за говорната диференцијација на македонскиот јазик кон XII - XIII век. Ако ја земеме и разликата — *трева, орев* во западномакедонски — наспрема *трава, орах, орав* во источните (и во велешкиот и скопскиот), разлика што укажува на уште постаро време, тогаш станува сè поодредена претставата за една говорна општност во западна Македонија што, со доста веројатност, може да се поставува првобитно во врска со брсјачката племенска општност.

VII.

Како заклучок ќе го кажеме следното за Охридската правописна школа:

1. Битното за неа е извесно сообразување на правописот спрема фактите од живиот говор.

2. Тоа се огледува пред сè во регулисањето на правописот на носовките. Би заслужувало посебно да се разгледа прашањето дали можеби за првпат во таа школа не се создава при крајот на XII век правилото за нивното пишување.

3. Факт во тесна врска со тоа е — и регулисањето на правописот на ꙗ и ѣ: последната буква се пишува наместо ꙗ зад меките консонанти, пак сообразно со изговорот.

4. Натаму идат некои карактеристики во врска со пишувањето на еровите букви. Цонев, како што видовме, дури на преден план је истакнуваше претежната употреба на ъ во таа школа. Но ние, преку материјалот на нашата одломка, можеме во тој поглед да укажеме на нешто побитно: пишување не *о* м. ъ и *е* м. ь во силна позиција, а испуштање на еровите букви во слаба позиција, нешто што се обусловува пак од она извесно сообразување на правописот спрема фактите од живиот говор.

5. Најпосле, треба да ја потцртаме особената културноисториска важност на фактот што кај нас во средниот век постојат такви месни правописни школи како што е Охридската или Злетовската. Тоа зборува за една непрекината писмена традиција во Македонија и за ред самостојни елементи шта се зародуваат тука во развитокот на словенската писменост.

Блаже Конески

ОТРЫВОК ОКТОИХА XIII ВЕКА — ПАМЯТНИК ОХРИДСКОЙ ШКОЛЫ

(Вывод)

Б. Конески сообщает об отрывке октоиха, поступившем из Охрида в библиотеку Семинара по южнославянским литературам Философского факультета в Скопле. В нем вполне отражена замена юсов; так-же и переход чѧ > чѫ, типичный именно для памятников Охридской правописной школы.

В начале статьи автор отмечает несостоятельность термина среднеболгарские памятники, который в принятом уже значении относится так-же к памятникам македонского происхождения. Македонские памятники не следует обозначать этим термином. Алогичность этого обозначения видна хотя бы из того, что большинство памятников до XIV века, называемых до сих пор среднеболгарскими, в сущности — македонского происхождения.

В дальнем автор останавливается несколько подробнее на вопросе о замене юсов. Он приходит к заключению, что назализм не был еще утрачен в охридском говоре в начале XIII века, кроме отдельных случаев.

В написании стѫѕѫ, встречающемся в отрывке, Б. Конески видит пример неорганического назализма.

В конце статьи подчеркнуто значение изоглосы jѧ > jѫ для установления отношения между западными и иными македонскими говорами XIII века.

ПРИЛОГ

СНИМКИ НА ОДЛОМКАТА



Стр. 1



Стр. 2



Стр. 3



Стр. 4



Стр. 5